СКОПЈЕ, 7 февруари 2018 година – Центарот за граѓански комуникации денеска го објавува Индексот на рационалност бр. 17 во кој се споредени цените по кои се купувани зимски и летни работни униформи што се дел од личната заштитна опрема (ХТЗ-опрема) кај комуналните претпријатија, потоа цените за набавка на кломпи, кои како работни обувки најчесто ги купуваат детските градинки, следува одржување хигиена во внатрешни работни простории во различни државни институции и системи за инфузија кои ги купуваат здравствените установи. Најголемата разлика во цената е евидентирана во набавката на летните работни униформи, а најмала во набавката на системите за инфузија.

Сумарно, индексот на рационалност ги даде следните сознанија:

- **летните работни униформи** комуналните претпријатија ги купувале по цени од 424 до 2.773 денари, со што највисоката цена е за 554% повисока од најниската;

- **зимските работни униформи** од страна на комуналните претпријатија се купувани по цени од 1.124 до 4.602 денари, со што највисоката цена е за дури 309% повисока од најниската;
- **работните обувки – кломпи** се купувани по цени од 718 до 2.183 денари, со што највисоката цена е за 204% повисока од најниската;
- **одржувањето на хигиената во внатрешните работни површини** ги чинела државните институции од 30 до 103 денари за еден метар квадратен месечно, со што највисоката цена е за 243% повисока од најниската цена и

- **системите за инфузија** се купувани од страна на здравствените институции по цени од 5,78 до 9,98 денари за еден систем, со што највисоката цена е за 73% повисока од најниската.

Во изработката на индексот на рационалност беа вклучени 48 институции на национално и на локално ниво, коишто за овие набавки спровеле 53 тендери во текот на 2016 и во 2017 година. Извештајот од Индексот на рационалноста е достапен овде . Повеќе информации на (02) 3213-513 или на
center@ccc.org.mk
.

Индексот на рационалност е изработен во рамките на Програмата за поддршка на граѓанското општество – Цивика Мобилитас.